Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 март 2022 година**

Седницата започна во 13:15 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Лаура Ајдини од Министерството за информатичко општество и администрација и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа Славјанка Петровска, министер за одбрана и доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 20-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2022 година

1. Записник од Третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 4 март 2022 година, со записници од состаноците на Комисијата за заразни болести, одржани на 8 февруари 2022 година, 15 февруари 2022 година, 22 февруари 2022 година и 2 март 2022 година

2. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост -Скопје

3. Информација во врска со одобрувањето на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија по однос на давањето на позајмица на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, со Предлог-одлука

4. Одлука за свикување на Собрание на акционери на ГА-МА АД-Скопје, со Предлог-одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на ГА-МА АД-Скопје

5. Извештај на ЈП Национална радиодифузија-Скопје за завршување на процесот за собирање податоци за Проектот „Обезбедување државен бесплатен Wi-Fi на локации на туристички дестинации и атракции на територијата на цела држава", со Листа на бесплатни Wi-Fi локации на туристички дестинации и атракции на територијата на цела држава

6. Информација со предлог за донесување на одлука за давање согласност за Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о.-Скопје, со Предлог-одлука

7. Информација за надминување на проблемот со деловен-канцелариски простор на Дирекцијата на ЈП „Национални шуми" п.о.-Скопје

8. Информација за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро Берза Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово и
-Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (шини)

10. Информација за донесување на одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на

вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година, со Предлог-одлука

11. Информација за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, со предлог-одлуки

12. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (КП бр.5011/1, КО Дебар 1)

13. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенција за цивилно воздухопловство

14. Програма за антимикробна отпорност за периодот 2022-2026 (*), со Предлог-одлука

15. Годишен извештај за работа за 2021 година на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

16. Информација за потребата од продолжување на важноста на Договорот за физичко обезбедување на склад за запаливи течности склучен помеѓу Министерството за одбрана и некогашната Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

17. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, со дополнување

18. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија)

19. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити, како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија)

20. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Вик фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година, со Предлог-одлука и Анекс договор бр.1

21. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство и трговија Дура Аутомотиве ДООЕЛ Илинден и Дура Аутомотиве Холдингс О.К. ЛТД (Dura Automotive Holdings U.K. LTD) со бр.13-1722/1 од 27.12.2018 година, со Предлог-одлука и Анекс договор бр.1

22. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство, трговија и услуги Баумер ДООЕЛ Скопје и Баумер Холдинг АГ, со бр.13-1593/1 од 7.12.2018 година, со нов текст на Предлог-одлука и текст на Анекс договор бр.1

23. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија“

24. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Влада бр.13585/1 од 28 декември 2021 година

25. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Влада бр.40-13585/1 од 28 декември 2021 година

26. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 ноември“- Скопје)

27. Информација за донесување Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, со Предлог-уредба

28. Акциски план за реализација на препораките дадени во Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите (Арх.бр. 02-456/1 од 14.10.2021 година)

29. Предлог-одлука за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија (КП.бр.159 дел 1 КО Здуње. У.бр 03-21/1)

30. Информација во врска со примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција (*), по скратена постапка

32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија

33. Предлог-уредба за изменување на Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

34. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Житинени“, Општина Центар Жупа, со Предлог-решение

35. Информација во врска со извршената евалуација од јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-керамичка

глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево 8/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.230/21), со Предлог-одлука

36. Информација за потребата од донесување на одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за финансии, со Предлог-одлука

37. Информација за реализација на повеќегодишна набавка на софтвер за Новиот компјутеризиран транзитен систем-фаза 5

38. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

39. Предлог-програма за проширена репродукција на шумите за 2022 година

40. Предлог-програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2022 година

41. Предлог-програма за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2022 година

42. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот од 1.11.2021-13.1.2022 година

43. Информација за Збирен извештај со вкупно проценета штета од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно член 9, став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), со Збирен извештај

44. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на Италијанската Република за соработка во областа на земјоделството, со усогласен текст на Меморандум

45. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Акционерското друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Текстил АД, Скопје, со Предлог-одлука

46. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агро-Кавкомерц ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со седиште на ул.Западен Булевар бр.15, Кавадарци, со предлог-одлуки

47. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 со придружни објекти КО Елово и КО Цветово, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

48. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б2-големи трговски единици КО Ќојлија, Општина Петровец, со Предлог-одлука

49. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена В2-прифатилиште за кучиња КО Битола 5, Општина Битола, со Предлог-одлука

50. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 20kV воздушен вод од ТС МХЕ 145 до ТС 35/20(10)kV КО Говрлево, КО Осинчани, КО Маркова Сушица и КО Долно Соње-вон град, Општина Сопиште и Општина Студеничани, со Предлог-одлука

51. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура - бензиска станица со придружни содржини КО Просениково вон град, Општина Струмица, со Предлог-одлука

52. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура - фотоволтаична централа со капацитет до 1MW КО Коњух, Општина Кратово, со Предлог-одлука

53. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура - бензиска станица КО Катланово, Општина Петровец, со Предлог-одлука

54. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-паркинг за товарни возила КО Горно Оризари, Општина Битола, со Предлог-одлука

55. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планската документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија-винарска визба КО Стојаково, Општина Богданци, со Предлог-одлука

56. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Ерџелија, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

57. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекси КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог-одлука

58. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Валандово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Валандово и КО Валандово вон град, Општина Валандово, со Предлог-одлука

59. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа на река Пена-локација бр.407 КО Бродец и КО Селце-вонград, Општина Тетово, со Предлог-одлука

60. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за девијација на локален пат с.Слупчане-с.Руница КО Слупчане-вонград, Општина Липково, со Предлог-одлука

61. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км.10+424,89-км 22+246,05, за девијација на локален пат за с.Кленоец на км 14+300, КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

62. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 5+260,00 до км 9+980,00, со Предлог-одлука

63. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05.3 КО Душегубица и КО Кленоец, Општина Кичево (за девијација на локален пат за с. Душегубица на км 14+000), со Предлог-одлука

64. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б3-големи угостителски единици КО Грешница-вонград, Општина Кичево, со Предлог-одлука

65. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стовариште-магацин со изложбен салон КО Тетово вон град, Општина Тетово, со Предлог-одлука

66. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од улична мрежа во село Матејче, КО Матејче и КО Матејче-вонград, Општина Липково, со Предлог-одлука

67. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за мала хидроелектрична централа Габровска река со реф.бр.104 со пропратни објекти, КО Доброште-вонград, Општина Теарце, со Предлог-одлука

68. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои

учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

69. Предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година

70. Информација за распишување на Јавен повик бр.01/22 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

71. Информација за распишување на Јавен повик бр.03/22 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог -решение

72. Информација за распишување на Јавен повик бр.02/22 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог -решение

73. Информација за спроведување на ИПА проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем за мониторинг на бучава"

74. Информација за преземени мерки на Министерството за животна средина и просторно планирање за подобрување на состојбата со нивото на водостојот на акумулацијата „Тиквешко Езеро"

75. Информација за потребата од обезбедување дополнителни средства за ко-финансирање на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево"

76. Информација за поднесување на апликација за 27-ми повик за техничка помош од Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) за изработка на техничка документација за воспоставување на регионален систем за управување со отпад за Југоисточен и Вардарски регион

77. Информација за напредокот на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, Фаза 1-делница Куманово-Бељаковце" и за проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка-источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2", за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година

78. Информација за напредокот на проектот: Ремонт на железничка пруга Коридор 10, делница Ногаевци-Неготино, за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година

79. Информација за изменување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат-регионален пат изменета траса на Р2250, делница: Крива Паланка (врска со А2)-Киселица-Дубровница-Луке-граница со Р.Србија, по барање и предлог на Општина Крива Паланка), со Предлог-одлука

80. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 3Л-Изградба на систем за водоснабдување-Сопиште и инфраструктурни објекти, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година

81. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година

82. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево

83. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Ѓорче Петров

84. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија на Општина Штип

85. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија Скопје

86. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот ,,Лојане“, Општина Липково

87. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Гробиште“, с.Горно Палчиште, Општина Боговиње

88. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство и трговија Хортена ДОО увоз-извоз Струмица како корисник на финансиска поддршка, со Предлог-одлука

89. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Орицон адвансед технолоџис-оад ДООЕЛ Велес, Република Северна Македонија

90. Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

91. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (патнички моторни возила)

92. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за безбедносните мерки за заштита на класифицирани информации

93. Предлог на закон за ратификација на Техничкиот аранжман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Врховната Команда на сојузничките сили за Европа за воздушно патролирање над Република Северна Македонија

94. Предлог на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции за земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија

95. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан

96. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/796 на Советот од 17 мај 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

97. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2021/751 на Советот од 6 мај 2021 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија

98. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1657 на Советот од 6 ноември 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 и Одлуката (ЗНБП) 2021/1966 на Советот од 11 ноември 2021 за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 за рестриктивни мерки во однос на неодобрените активности на дупчење на Турција во Источен Медитеран

99. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КО Богданци)

100. Предлог-одлука за отстапување на нафтени деривати од стоковните резерви без надомест

101. Информација за одржувањето на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 5 октомври 2021 година

102. Информација за подготовката на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија кој ќе се одржи на 17 март 2022 година, преку видео конференциска врска, со Прилог

103. Информација од извршените преговори за склучување на План за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот 2022-2024 година, со усогласен текст на План за соработка

104. Информација за потребата за измена на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за соработка во областите на здравството и медицината за периодот 2021-2026, со усогласен текст на Меморандум

105. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен испитен центар (преносни компјутери-лаптопи)

106. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2022 година

107. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

108. Предлог-одлука за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца-Детско одморалиште „Илинден“- Гостивар за 2022 година

109. Извештај за работата на Советот за статистика на Република Северна Македонија, за периодот јануари-декември 2021 година

110. Предлог на закон за дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, по скратена постапка-поднесен од група пратеници

111. Предлог на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

112. Иницијатива поднесена од Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.11/2022, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивањето на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.44-3324/1 од 22 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.107/2020)

113. Иницијатива поднесена од адвокат Глигорие Ќатоски од Струга, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.8/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија

114. Иницијатива поднесена од Стопанската комора на Северна Македонија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.288/2021)

115. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 1641, за КО Волково, на КП бр. 1718, Викано место/улица ул.103, со дополнување

116. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83552, за КО Ѓорче Петров-5 Лепенец, на КП бр.986, Викано место/улица 102

117. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93390, за КО Охрид- 1, на КП бр.8160, Викано место/улица Град

118. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20727, за КО Штип-6, на КП бр.10834, Викано место/улица Плуждино

119. Понуда од нотар Роза Алексова од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.236, за КО Глишиќ, на КП бр.1435, Викано место/улица Шишка

120. Понуда од нотар Симон Зафировски од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое претставува 808/910 идеален дел од КП бр.2958/1,

КО Глува Бразда, викано место/улица Железно, со Имотен лист бр.2917, со дополнување

121. Понуда од нотар Симон Зафировски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44512 за КО Гази Баба на КП бр.1536 на викано место/улица 513

122. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1964, за КО Стајковци, на КП бр.77, Викано место/улица Куќа

123. Понуда од нотар Ванчо Андоновски Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.40723 за КО Центар 1 на КП бр.13112 на Викано место/улица Бл.Деспотов, со дополнување

124. Понуда од нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, за лицето Драган Петрушевски, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2058, за КО Бардовци, на КП бр. 1534, Викано место/улица Село

125. Понуда од нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2058, за КО Бардовци, КП бр. 1534, Викано место/улица Село

126. Кадровски прашања

127. Прашања и предлози

128. Извештај за реализација на буџетските средства за 2021 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2020-2022 година

129. Годишен извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2020 година

130. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување бесправна сеча на шуми во период од 1 октомври 2021 до 31 декември 2021 година

131. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (сметка-Основен буџет)

132. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Национални шуми за периодот од октомври до декември 2021 година

133. Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје Ц.О., за период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година

134. Споредбена анализа на финансиското работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро берза Скопје, за октомври-декември 2021 година

135. Годишен извештај за работа на Цивилно-воениот комитет за воздухопловство за 2021 година

136. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година

137. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија

138. Информација за поднесување на апликација за 27-ми повик за техничка помош од Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) за „Физибилити студија за подобрување на системот и услугите за водоснабдување во Скопје“

139. Информација во врска со постапката на основање на трговско друштво за приредување на интернет и електронски игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија, со Предлог-одлука

140. Барање за давање на автентично толкување на член 11 став (3) од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21), поднесено од пратеникот Талат Џафери

141. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/327 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/328 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

142. Информација во врска со Одлуката за усвојување на Барање за позајмица бр. 05-1365/1 од 17.2.2022 година доставено од ЕСМ Електрани на Северна Македонија бр. 02-1783/3 од 7 март 2022 година и Одлуката за усвојување на текст на Договор за заем бр. 02-1783/3-1 од 7 март 2022 година донесени од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со Предлог-одлука

143. Предлог на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка

144. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/346 на Советот од 1 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

145. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/52 на Советот од 13 јануари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

146. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје

147. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/264 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/262 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

148. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“- Скопје, во државна сопственост

149. Информација за номинации за членови и заменици членови на работни групи формирани заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон, со предлог-решенија

150. Информација за статусот на реализација на активностите во рамки на ИПА 2017 Проектот „Поддршка на државната реорганизација”, со Интегриран извештај за државна реорганизација

151. Предлог-одлука за формирање на советодавна комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати

152. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/512/ЗНБП на Советот од 31 јули 2014 година за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата на Советот (ЕУ) 833/2014 од 31 јули 2014 година за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

153. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/351 на Советот од 1 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

154. Информација за преземените активности за ангажирање на меѓународен правен застапник за застапување на Министерството за финансии во поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“, со Прилог

155. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

*

*           *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 20-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2022 година.

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 4 март 2022 година, со записници од состаноците на Комисијата за заразни болести, одржани на 8 февруари 2022 година, 15 февруари 2022 година, 22 февруари 2022 година и 2 март 2022 година и Предлог-одлука и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 4 март 2022 година.

2. Траењето на сертификатот по прележана болест наместо досегашните 45 дена, да биде 180 дена, сметано од денот на оздравувањето.

3. Повторно да се активираат пунктовите во здравствените домови во кои се спроведуваше тестирање со брзи антигенски тестови.

4. Министерството за здравство, во соработка со Министерството за образование и наука во однос на спроведување на скринингот во училиштата да спроведат анализа по општини за да се утврди бројката на позитивни на ниво на општина и училиште.

5. Бремените жени кои се ослободени од работа и работни обврски со физичко присуство да се вратат на работно место, со препорака да се вакцинираат.

6. Да се укине барањето за задолжителните КОВИД-19 сертификати за излез од територијата на Република Северна Македонија, на домашни и странски државјани.

7. Да се отвори Клубот на пратеници, со препорака за строго почитување на сите мерки и протоколи пропишани за заштита од ширење на КОВИД-19.

8. Да се укине мерката за задолжително поседување на КОВИД-19 сертификат за влез во трговски центри/молови каде е задолжително носењето на заштитни маски, додека пак за влез во угостителските објекти каде се служи храна/пијалок кои се во состав на трговските центри/моловите останува да важи задолжително поседување на КОВИД-19 сертификат.

Согласно ова, Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID -19 предизвикана од вирусот Sars-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одобрувањето на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија по однос на давањето на позајмица на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Одлуката за свикување на Собрание на акционери на ГА-МА АД-Скопје и го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на Одборот на директори на ГА-МА АД-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го разгледа Извештајот на ЈП Национална радиодифузија-Скопје за завршување на процесот за собирање податоци за Проектот „Обезбедување државен бесплатен Wi-Fi на локации на туристички дестинации и атракции на територијата на цела држава“, со Листа на бесплатни Wi-Fi локации на туристички дестинации и атракции на територијата на цела држава, го усвои Извештајот и ја прифати Листата на бесплатни Wi-Fi локации на туристички дестинации и атракции на територијата на цела држава.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог за донесување на одлука за давање согласност за Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” п.о.-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” п.о.-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за надминување на проблемот со деловен-канцелариски простор на Дирекцијата на ЈП „Национални шуми” п.о.-Скопје, ја усвои Информацијата и му препорача на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да обезбеди простор во Националната арена Тодор Проески за Дирекцијата на ЈП „Национални шуми” п.о.-Скопје.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро Берза Скопје за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Финансиските извештаи на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2020 година (Александра Маројевиќ), во предложениот текст.

5. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2020 година (Марко Ѓоргиевски), во предложениот текст.

6. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2020 година (Дејан Цветаноски), во предложениот текст.

7. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2020 година (Бајрам Реџепи), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенција за цивилно воздухопловство, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Програмата за антимикробна отпорност за периодот 2022-2026 година (*), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата по Годишниот извештај за работа за 2021 година на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работа за 2021 година на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на важноста на Договорот за физичко обезбедување на склад за запаливи течности склучен помеѓу Министерството за одбрана и некогашната Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана и Агенцијата за задолжителни нафтени резерви (поранешна Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати), да склучат анекс за продолжување на важноста на Договорот за физичко обезбедување на склад за запаливи течности, за дополнителен период од шест месеци, а во тој период да се усогласат за физичко обезбедување на склад за запаливи течности, за наредните две години, како и да се проверат ресурсите кои ги има Министерството за одбрана од редовите на професионалните војници на кои што им завршил професионалниот ангажман, со цел нивно ангажирање за обезбедување на складот.

2. Се задолжува Агенцијата за задолжителни нафтени резерви (поранешна Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати) да ги покрие трошоците за обезбедување на складот согласно склучениот Договор и за периодот утврден во анексот за продолжување на важноста на Договорот.

**Точка 17**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, со дополнување, го усвои Полугодишниот извештај и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да предложат нови услови и критериуми за одобрување на кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), КОВИД 1 кредитната линија.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија), го усвои Полугодишниот извештај и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје да предложат нови услови и критериуми за одобрување на нови кредитни линии.

**Точка 19**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити, како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), како материјал за информирање.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Вик фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година, со Предлог-одлука и Анекс договор бр.1 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Друштвото за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Вик фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година, во предложениот текст.

2. Се задолжува давателот на државна помош од Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од г.Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Вик фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година, да ја достави до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони комплетната документација и евиденција за доделена државна помош по основ на Договорот.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство и трговија Дура Аутомотиве ДООЕЛ Илинден и Дура Аутомотиве Холдингс О.К. ЛТД (Dura Automotive Holdings U.K. LTD) со бр.13-1722/1 од 27.12.2018 година, со Предлог-одлука и Анекс договор бр.1, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Дура Аутомотиве ДООЕЛ Илинден и Дура Аутомотиве Холдингс О.К. ЛТД (Dura Automotive Holdings U.K. LTD) со бр.13-1722/1 од 27.12.2018 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство, трговија и услуги Баумер ДООЕЛ Скопје и Баумер Холдинг АГ, со бр.13-1593/1 од 7.12.2018 година, со нов текст на Предлог-одлука и текст на Анекс договор бр.1, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Баумер ДООЕЛ Скопје и Баумер Холдинг АГ, со бр.13-1593/1 од 7.12.2018 година, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата формира работна група предводена од Министерството за надворешни работи, а во која ќе бидат вклучени Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Министерството за правда која да подготви и во рок од две недели до Владата да достави информација со акциски план и потребни ресурси за спроведување на забелешките од ревизорскиот извештај во врска со преземање на активности за утврдување на имотот кој се наоѓа на локации во други држави.

**Точка 24**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Влада бр.40-13585/1 од 28 декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 25**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Влада бр.40-13585/1 од 28 декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии-во смисла фискалните импликации кои ќе произлезат со реализацијата на Уредбата, да се обезбедат во рамки на одобрените средства со Буџетот на Министерството за образование и наука за соодветната фискална година, наменети за дејноста високо образование.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Акцискиот план за реализација на препораките дадени во Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија (КП.бр.159 дел 1 КО Здуње. У.бр 03-21/1), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информација во врска со примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство да подготви мислење и објаснување за примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции и во рок од седум дена да го достави до Владата и до Агенцијата за лекови и медицински средства.

**Точка 31**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција (*), по скратена постапка и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, да достави мислење по текстот на Предлогот на закон.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција (*), по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Урим Ибраими, државен советник во Министерството за економија и Нериман Џеладини, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 32**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија за наредната седница на Владата со заклучок Министерството за економија согласно расправата на седницата да го усогласи Предлогот на закон со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за труд и социјална политика.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Житинени“, Општина Центар Жупа, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Житинени“ Општина Центар Жупа, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до Владата да достави номинации за член и заменик член во комисијата.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-

керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево 8/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.230/21), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 8/2021, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 230/21.
2. Го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-керамичка глина на Друштвото за производство, трговија и услуги Винербергер ДООЕЛ Виница на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за финансии, КП бр.2943, КО Струмица, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по материјалот.

**Точка 37**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за реализација на повеќегодишна набавка на софтвер за Новиот компјутеризиран транзитен систем-фаза 5 поради дополнителни усогласувања.

Информацијата претходно да биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, односно реализацијата да биде во рамките на одобрените буџетски средства.

**Точка 39**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот од 1.11.2021 година до 13.1.2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, за парична помош во висина од 10% од износот на проценетата штета, на општините Росоман, Карбинци, Богданци, Демир Капија и Ранковце.
Исплатата да се изврши по ребалансот на Буџетот.

2. Се укажува на општините Росоман, Карбинци, Богданци, Демир Капија и Ранковце во рок од 30 дена од добивање на средствата да изготват и достават извештај за распределба на средствата до Владата на Република Северна Македонија и до Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за Збирен извештај со вкупно проценета штета од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно член 9, став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), со Збирен извештај и ја усвои со следниов заклучок:

Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и општините кои доставиле елаборати, да ги проверат податоците за лицата кои оствариле право на помош за утврдена загуба на приходот од продажбата на земјоделските растенија и животни и на земјоделскиот имот и штетите на стакленици и пластеници од штетни настани, согласно со Законот за земјоделство и рурален развој, а во согласност со член 9 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21) и за истото да ја информираат Владата.

По извршените проверки и утврдување на податоците за овие лица Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, за парична помош во висина од 10% од износот на проценетата штета, на општините и исплатата да се изврши по ребалансот на Буџетот.

## Точка 44

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на Италијанската Република за соработка во областа на земјоделството, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна

Македонија и  Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на Италијанската Република за соработка во областа на земјоделството.

2. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна  Македонија и Министерството за политики на земјоделство, прехрана и шумарство на Италијанската Република за соработка во областа на земјоделството.

**Точка 45**

Владата го разгледа најновиот текст на  Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Акционерското друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Текстил АД, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за  закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Агро-Кавкомерц ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со седиште на ул.Западен Булевар бр.15, Кавадарци, со предлог-одлуки ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба (со вкупна површина од 692296м2), во предложениот текст.
2. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба (со вкупна површина од 453558м2), во предложениот текст

**Точка 47**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 со придружни објекти КО Елово и КО Цветово, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 со придружни објекти КО Елово и КО Цветово, Општина Студеничани, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на  објект со намена Б2-големи трговски единици КО Ќојлија, Општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на  објект со намена Б2-големи трговски единици КО Ќојлија, Општина Петровец, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена В2-прифатилиште за кучиња КО Битола 5, Општина Битола, со Предлог-одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена В2-прифатилиште за кучиња КО Битола 5, Општина Битола, имајќи ги предвид наводите во Информацијата, дека станува збор за земјоделско земјиште со катастарска класа I.

## Точка 50

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 20kV воздушен вод од ТС МХЕ 145 до ТС 35/20(10)kV КО Говрлево, КО Осинчани, КО Маркова Сушица и КО Долно Соње-вон град, Општина Сопиште и Општина Студеничани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 20kV воздушен вод од ТС МХЕ 145 до ТС 35/20(10)kV КО Говрлево, КО Осинчани, КО Маркова Сушица и КО Долно Соње-вон град, Општина Сопиште и Општина Студеничани, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-бензиска станица со придружни содржини КО Просениково вон град, Општина Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-бензиска станица со придружни содржини КО Просениково вон град, Општина Струмица, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-фотоволтаична централа со капацитет до 1MW КО Коњух, Општина Кратово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-фотоволтаична централа со капацитет до 1MW КО Коњух, Општина Кратово, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална

супраструктура-бензиска станица КО Катланово, Општина Петровец, со Предлог-одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-паркинг за товарни возила КО Горно Оризари, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-паркинг за товарни возила КО Горно Оризари, Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 55

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планската документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија-винарска визба КО Стојаково, Општина Богданци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија-винарска визба КО Стојаково, Општина Богданци, во предложениот текст.

## Точка 56

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Ерџелија, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Ерџелија, Општина Свети Николе, во предложениот текст.

## Точка 57

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекси КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекси КО Таор, Општина Зелениково, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Валандово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Валандово и КО Валандово

вон град, Општина Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Валандово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Валандово и КО Валандово вон град, Општина Валандово, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа на река Пена-локација бр.407 КО Бродец и КО Селце-вонград, Општина Тетово, со Предлог-одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа на река Пена-локација бр.407 КО Бродец и КО Селце-вонград, Општина Тетово, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги одбива барањата за пренамена од земјоделско во градежно земјиште за мали хидроелектрични централи во национални паркови, имајќи ги предвид раскинувањата на договорите за мали хидроелектрични централи во Националниот парк Шар Планина.

**Точка 60**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за девијација на локален пат с.Слупчане-с.Руница КО Слупчане-вонград, Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за девијација на локален пат с.Слупчане-с.Руница КО Слупчане-вонград, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км.10+424,89-км 22+246,05, за девијација на локален пат за с.Кленоец на км 14+300, КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89- км 22+246,05, за девијација на локален пат за с.Кленоец на км 14+300, КО Кленоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за

автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 5+260,00 до км 9+980,00, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци- Свети Николе за проширување на изградени косини од км 5+260,00 до км 9+980,00, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05.3 КО Душегубица и КО Кленоец, Општина Кичево (за девијација на локален пат за с. Душегубица на км 14+000), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05.3 КО Душегубица и КО Кленоец (за девијација на локален пат за с.Душегубица на км 14+000), Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б3-големи угостителски единици КО Грешница-вонград, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б3-големи угостителски единици, КО Грешница-вонград, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стовариште-магацин со изложбен салон КО Тетово вон град, Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стовариште-магацин со изложбен салон КО Тетово вон град, Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од улична мрежа во село Матејче, КО Матејче и КО Матејче-вонград, Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од улична мрежа во село Матејче, КО Матејче и КО Матејче-вонград, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за мала хидроелектрична централа Габровска река со реф.бр.104 со пропратни објекти, КО Доброште-вонград, Општина Теарце, со Предлог-одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на проектот за инфраструктура за мала хидроелектрична централа Габровска река со реф.бр.104 со пропратни објекти, КО Доброште-вонград, Општина Теарце имајќи го предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој и ја донесе Уредбата со заклучок од текстот на истата да изостане делот за „Стипендии за академски студии од областа на земјоделските, ветеринарните и шумарските науки“.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, согласно расправата на седницата, во рок од две недели до Владата да предложат концепт за стипендирање на студентите за ресорите каде би биле обврзани потоа да работат, а со цел системско решавање на овој проблем и надминување на ова прашање.

**Точка 69**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година и ја донесе Програмата со заклучок од текстот на истата да изостане делот за „Стипендии за академски студии од областа на земјоделските, ветеринарните и шумарските науки“.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, согласно расправата на седницата во рок од две недели до Владата да предложат концепт за стипендирање на студентите за ресорите каде би биле обврзани потоа да работат, а со цел системско решавање на овој проблем и надминување на ова прашање.

**Точка 70**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за распишување на Јавен повик бр.01/22 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 71**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за распишување на Јавен повик бр.03/22 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог -решение, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 72**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за распишување на Јавен повик бр.02/22 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, за наредната седница на Владата откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем за мониторинг на бучава" и ја усвои со следниот заклучок:

Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, по склучување на договорот, на секои шест месеци да ја информира Владата за статусот на спроведување на проектот.

Истовремено, Владата заклучи Секретаријатот за европски прашања да достави мислење по материјалот.

**Точка 74**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за преземените мерки на Министерството за животна средина и просторно планирање за подобрување на состојбата со нивото на водостојот на акумулацијата „Тиквешко езеро", за наредната седница на Владата, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на предлог-заклучоците со Секретаријатот за законодавство и Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 75**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства за ко-финансирање на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево" и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја одобри стратегијата за постапката за преговарање во врска со ИПА проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево" .

2. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори ЦФЦД да го достави тендерското досие за проектот за „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Кичево" до Делегацијата на Европска Унија на одобрување, заедно со образложение за стратегијата на преговарање, не подоцна од 18.3.2022 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, да го достави Барањето за измена на Билатералниот договор до Делегацијата на Европската Унија, најдоцна до 18.3.2022 година.

4.Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори ЦФЦД, во најбрз рок да ја започне постапката за избор на најповолен понудувач, преку постапка на преговарање со компаниите чии понуди во претходната тендерска постапка биле технички исправни.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, да ја информира Владата за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства и за висината на истите доколку и после преговорите се случи сите технички исправни понуди да бидат над проектираниот буџет на Проектот.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата за поднесување на апликација за 27-ми повик за техничка помош од Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) за изработка на техничка документација за воспоставување на регионален систем за управување со отпад за Југоисточен и Вардарски регион и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да ја достави ВБИФ апликацијата за техничка помош за изработка на техничка документација за воспоставување на регионален систем за управување со отпад за Југоисточен и Вардарски регион до Министерството за финансии и НИПАК/Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за финансии по добивање на Апликацијата за изработка на техничка документација за воспоставување на регионален систем за управување со отпад за Југоисточен и Вардарски регион, да ја разгледа апликацијата и веднаш да подготви Писмо за поддршка до Европска комисија и меѓународните финансиски институции и истото да го проследи до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања и Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. Се задолжува НИПАК/Секретаријатот за европски прашања по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии да ја поднесе ВБИФ апликацијата во рамки на тековниот 27-ми повик за техничка помош за изработка на техничка документација за воспоставување на регионален систем за управување со отпад за Југоисточен и Вардарски регион.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, Фаза 1-делница Куманово-Бељаковце“ и за проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка-источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“, за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот: Ремонт на железничка пруга Коридор 10, делница Ногаевци-Неготино, за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат- регионален пат изменета траса на Р2250, делница: Крива Паланка (врска со А2)-Киселица-Дубровница-Луке-граница со Република Србија, по барање и предлог на Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за категоризација на државните патишта, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 3Л-Изградба на систем за водоснабдување-Сопиште и инфраструктурни објекти, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Ѓорче Петров, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија на Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија Скопје, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот ,,Лојане“, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот ,,Гробиште“, с.Горно Палчиште, Општина Боговиње, во предложениот текст.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство и трговија Хортена ДОО увоз-извоз Струмица како корисник на финансиска поддршка, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство и трговија Хортена ДОО увоз-извоз Струмица како корисник на финансиска поддршка, бр. 09-11025/1, склучен на 14.10.2021 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка бр.09-11025/1 од 14.10.2021 година, склучен со Друштво за производство и трговија Хортена ДОО увоз-извоз Струмица како корисник на финансиска поддршка.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Орицон адвансед технолоџис-оад ДООЕЛ Велес, Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во рок од три дена да достави до Комисијата за заштита на конкурекцијата известување за планирано доделување на државна помош согласно предложениот Договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Орицон адвансед технолоџис-оад ДООЕЛ Велес.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од седум дена по добивањето на соодветен акт за оценка на државната помош, односно решение за оцена на помош од Комисијата за заштита на конкуренцијата да ја информира Владата и да го достави Договорот за доделување државна помош.

**Точка 90**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година и ја донесе Програмата, со заклучок соодветни мислења по истата да достават Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука.

**Точка 91**

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за разузнавање, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за безбедносните мерки за заштита на класифицирани информации, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници д-р Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 93**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Техничкиот аранжман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Врховната Команда на сојузничките сили за Европа за воздушно патролирање над Република Северна Македонија, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 94**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции за

земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и м-р Малиша Станковиќ, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан, во предложениот текст .

**Точка 96**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/796 на Советот од 17 мај 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки, во предложениот текст.

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2021/751 на Советот од 6 мај 2021 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 98**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1657 на Советот од 6 ноември 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 и Одлуката (ЗНБП) 2021/1966 на Советот од 11 ноември 2021 за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 за рестриктивни мерки во однос на неодобрените активности на дупчење на Турција во Источен Медитеран, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за политички систем.

**Точка 99**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КО Богданци), во предложениот текст.

**Точка 100**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за отстапување на нафтени деривати од стоковните резерви без надомест.

## Точка 101

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за одржувањето на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 5 октомври 2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изработат Информација за одредување и спроведување на најважните/буџетски најефективните мерки кои се дел од петтиот и шестиот пакет мерки воведени за справување со пандемијата од КОВИД-19 на англиски јазик и да ја достават до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30 септември 2022 година.

2. Се задолжува Државниот завод за статистика, да ја реализира табулацијата и дисеминацијата на резултатите од Пописот на населението и домаќинствата од 2021 година најдоцна до 31 декември 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии, да назначи одговорно раководно лице за статистика во рамките на Министерството за финансии најдоцна до 31 декември 2022 година.

4. Се задолжуваат Министерството за финансии и Државниот завод за статистика, да го вклучат Јавното претпријатие за државни патишта во фискалните статистики на општата влада во согласност со ЕСС стандардите најдоцна до 31 декември 2022 година.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука, да развие нов начин на пресметка за финансирање на системот за стручно образование и обука најдоцна до 31 декември 2023 година.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука, да развие нов начин на пресметка за финансирање на високото образование најдоцна до 31 декември 2024 година.

7. Се задолжува Министерството за финансии, да формира Академија за јавни финансии како посебна организациона единица-сектор во рамки на Министерството за финансии, најдоцна до 31 декември 2022 година

8. Се задолжува Министерството за финансии, да изработи Предлог-одлука за формирање на мрежа за координација на борба против измами-АФКОС и да ја достави до Владата по донесувањето на Законот за буџетите.

9. Се задолжува Министерството за финансии, да подготви Национална стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија за периодот 2022-2025 година и да ја достави до Владата за усвојување најдоцна до 30 јуни 2022 година.

10. Се задолжува Министерството за правда, да изработи Предлог Кривичен законик за понатамошно усогласување со Директивата на ЕУ за борба против измама на финансиските интереси на Унијата преку кривично право (ЕУ 2017/1371) и да го достави до Владата за утврдување најдоцна до 31 декември 2022 година.

11. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, да изработи Водич за управување со фондовите на Европската Унија во режим на директно управување и да го достави до Владата за усвојување најдоцна до 31 март 2022 година.

**Точка 102**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за подготовката на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 17 март 2022 година, преку видео конференциска врска, со Прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Каја Шукова, државен секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање, за претседавач со Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 17 март 2022 година, преку видео конференциска врска.

2. Се задолжува претседавачот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика и истата да ја достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15 март 2022 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето на истите од страна на Владата.

**Точка 103**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата од извршените преговори за склучување на План за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот 2022-2024 година, со усогласен текст на План за соработка, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Планот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот 2022-2024 година.

2. Се овластува д-р Беким Сали, министер за здравство, да го потпише Планот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот 2022-2024 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, во смисла фискалните импликации кои во иднина ќе произлезат од спроведувањето на одредбите предвидени во Планот за соработка да се обезбедат во рамките на буџетот на ресорната институција надлежна за имплементација на истиот.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за измена на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за соработка во областите на здравството и медицината за периодот 2022-2026, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за соработка во областите на здравството и медицината за периодот 2022-2026 година.

2. Се овластува д-р Беким Сали, министер за здравство, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за соработка во областите на здравството и медицината за периодот 2022-2026 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии-во смисла фискалните импликации кои во иднина ќе произлезат од спроведувањето на одредбите предвидени во Меморандумот да се обезбедат во рамките на буџетот на ресорната институција надлежна за имплементација на истиот.

**Точка 105**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот испитен центар (преносни компјутери-лаптопи), во предложениот текст.

**Точка 106**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 108**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца-Детско одморалиште „Илинден"-Гостивар за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 109**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Северна Македонија, за периодот јануари-декември 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 12 алинеја 9 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), за својата работа Советот за статистика на Република Северна Македонија поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија. Во Извештајот наведени се материјалите разгледани од страна на Советот за статистика на Република Северна Македонија за наведениот период.

Владата нема забелешки по Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Северна Македонија за периодот јануари-декември 2021 година, имајќи го предвид информативниот карактер на истиот, со укажување дека називот на Советот за статистика наведен во насловот и во текстот на Извештајот ќе треба да се усогласи со Одлуката за прогласување, меѓу другите, на Амандман XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија и со член 2 став 4 од Уставниот закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија.

**Точка 110**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија, по Предлогот на закон за дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, по скратена постапка, доставен од група пратеници дава негативно мислење.

Истото е од причини што во Собранието на Република Северна Македонија од страна на Владата на Република Северна Македонија е доставен Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, по скратена постапка во кој се содржани одредбите на Предлогот на закон за дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, по скратена постапка, доставен од група пратеници.

**Точка 111**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со овој предлог на закон се предлага бришење на Глава XIII. Избори за Влада за спроведување на избори на пратеници, односно на членовите од 43 до 51, согласно измените и дополнувањата на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15).

Измените и дополнувањата на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15) се настанати како резултат на широки консултации со сите засегнати страни, вклучително и релевантни чинители од меѓународната и европската експертска фела.

Со донесените измени утврдена е постапката на организација на предвремените избори за пратеници во 2016 година (избирање на преодна влада), изборот, односно именувањето на соодветните министри и заменици министри, надлежностите, надминување на неусогласеноста и правото на посебните советници кое го имаат одделните функционери.

Овие измени се преземени токму заради темелната вредност владеење на правото и поделба на власта на законодавна, извршна и судска, а поради потребата за извршување на надлежностите, без да се остави простор за сомнеж за пречекорување на Уставно и законски утврдени овластувања.

Основен принцип во организацијата и вршењето на власта е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, со што се исклучува можноста со акти на носителите на уставно утврдените функции на власта да се менуваат со Устав утврдените односи во рамките на принципот на поделба на власта и на посебните облици на неговото остварување.

Со Уставот, Владата е утврдена како носител на извршната власт, која покрај другите со Устав утврдени надлежности што произлегуваат од нејзината положба на носител на извршната власт, ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, се јасни и прецизни, односно Собранието на Република Северна Македонија не треба да го донесе Предлогот на законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, со кој се предлага нивно бришење.

**<u>Точка 112</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Сашо Балабанов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.11/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивањето на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.44-3324/1 од 22 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.107/20) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата Сашо Балабанов од Штип ја оспорува уставноста на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20), која гласи:

„Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредува носењето лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението, како и надзорот над спроведувањето на носењето лична заштита на лицето, за време на траењето на вонредната состојба.

Член 2

Секое домашно или странско физичко лице на територија на Република Северна Македонија е должно да носи лична заштита на лицето при излегување надвор од својот

дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени институции и слично).
Под лична заштита на лицето од ставот 1 на овој член, се подразбира било каква форма на заштита која што ги покрива пределот на носот и устата (респираторна маска ФФП2 или повисок стандард, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично).

По исклучок од ставот 1 на овој член, секое домашно или странско физичко лице на територијата на Република Северна Македонија, може да не ја носи личната заштита на лицето, ако:
- носи посебна лична заштита на лицето во рамки на извршувањето на нивните работни задачи,
- престојува во двор на станбена семејна куќа,
- вози велосипед или спортува на отворено како индивидуални спортски активности,
- патува во патничко моторно возило со лица со кои што лицето живее во заедница или домаќинство или
- се движи на јавни места и површини од отворен тип и целосно го одржува дозволеното минимално растојание од најмалку два метри од друго лице.

Член 3

Сите домашни и странски правни лица на територијата на Република Северна Македонија, се должни во своите седишта, подружници и објекти во кои ја обавуваат својата дејност, да обезбедат носење лична заштита на лицето од страна на сите физички лица кои работат и да забранат влез и движење низ овие простории на секое физичко лица кое влегува како посетител во овие простории, а кое нема да носи лична заштитна опрема од член 2 од оваа уредба со законска сила.

Член 4

Министерството за внатрешни работи, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Државниот пазарен инспекторат вршат надзор над спроведувањето на одредбите од оваа уредба со законска сила, секој во однос на одредбите од оваа уредба со законска сила, за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон.

Член 5

Во случај на прекршување на одредбите од членовите 2 и 3 од оваа уредба со законска сила, од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила до 30 април 2020 година, надлежните органи од член 4 од оваа уредба со законска сила, ќе изрекуваат писмени опомени.

Член 6

Глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од член 2 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско правно лице ако постапува спротивно на одредбите од член 3 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое одговорно лице во правното лице ако постапува спротивно на одредбите од член 3 од оваа уредба со законска сила.

Член 7

Оваа уредба со законска сила се применува за време на траењето на вонредната состојба, како и до завршување на Пандемијата со COVID-19 прогласена од Светската здравствена организација.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“

Според подносителот на Иницијативата Сашо Балабанов од Штип, Уредбата не е во согласност со следните одредби од Уставот на Република Северна Македонија:
- член 8 став 1, Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:- основните слободи и права на човекот и Граѓанинот признаат со меѓународното право и утврдени со Уставот-хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- член 9, Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви;
- член 11, Физичкиот и моралниот интегритет се неприкосновени. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување. Се забранува присилна работа;
- член 25, На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот;
- член 39, На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите;
- член 40, Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон. Родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата. Децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители. Републиката им обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа;
- член 41, Право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца. Републиката, заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика;
- член 42, Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица. Лице помладо од 15 години живот не може да биде вработено. Малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа. Малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот;
- член 44, Секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно;
- член 51, Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите;

Според подносителот на Иницијативата Сашо Балабанов од Штип, Уредбата не е во согласност со следните одредби од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12):
- член 3 став 1, Секој има право на здравствена заштита и обврска да се грижи и да го чува и унапредува своето здравје во согласност со овој и друг закон;
- член 4 став 1, Секој граѓанин има право да ја остварува здравствената заштита со почитување на највисокиот можен стандард на човековите права и вредности, односно има право на физички и психички интегритет и на безбедност на неговата личност, како и на почитување на неговите морални, културни, религиозни и филозофски убедувања;
- член 11, Начелото на квалитетен и сигурен здравствен третман се обезбедува со унапредување на квалитетот на здравствената заштита преку примена на мерки и активности, кои во согласност со современите достигнувања во медицинската наука и практика, ја зголемуваат можноста за позитивен исход, намалување на ризиците и другите несакани последици по здравјето и здравствената состојба на поединецот и општеството во целина.

Според подносителот на Иницијативата Сашо Балабанов од Штип, Уредбата не е во согласност со следните одредби од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/19 и 229/20):
- член 4,
- член 5 став 1,
- член 7,
- член 50-а став 3.

Членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија гласи:

„Член 39

На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.“

Актот од член 28 став (8) од Законот за заштита на населението од заразни болести е Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20), која е во сила од 3.11.2020 година.

Имајќи го предвид горенаведеното се укажува дека Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20) не е во важност и повеќе не е дел од правниот поредок, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20), поднесена од Сашо Балабанов од Штип согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, а доколку не ја отфрли, Владата на Република Северна Македонија смета дека Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20), поднесена од Сашо Балабанов од Штип.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Глигорие Ќатоски од Струга, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/1, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18), доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под број У.бр.8/2022 од 16.2.2022 година и притоа го утврди следново мислење:

Според наводите во Иницијативата, членот 19 од горенаведениот закон, а потоа, соодветно и членовите 20, 21, 22, 23, 24 и 25, со кои функционерот и раководниот работник кој го именува Собранието на Република Северна Македонија, односно назначува телото кое тоа ќе го овласти, Претседателот на Република Македонија и Владата, кој за време на вршењето на функцијата остварувал плата, може да остварува плата и по престанувањето на функцијата под услови утврдени во членот 19, дозволува нееднаквост на граѓаните пред законите, нарушување на начелото на владеење на правото и е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 3 и членот 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката е и владеењето на правото.

Членот 9 од Уставот, во својот став 2, утврдува дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со членовите 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/1, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18), се уредени прашањата за висината на платите и надоместоците на избраните и именуваните лица во Република Македонија, надоместот на определени материјални трошоци и други примања, начинот на нивно обезбедување и распределба, како и правата на истите по завршувањето на нивната функција. Меѓу другото, во истиот се уредува и исплатата на плата/апанажа по престанување на вршење на функцијата и времетраењето на траењето на апанажата, зависно од периодот на вршење на функцијата.

Согласно член 23 од Уставот на Северна Република Македонија, секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Согласно пак член 32 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое

работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

За избраните и именуваните лица, со горенаведениот закон, кој има улога на lex specialis, им се овозможува, по престанување на функцијата, да се материјално обезбедени до нивно повторно вклучување на пазарот на трудот. Ова е еднаков пристап како и за секој вработен, кој кога ќе остане без работа, има право на паричен надоместок определено време, во зависност од времето коешто го поминал во работен однос.

Дополнително, со ваквото решение, се стимулираат лица со одредени знаења да вршат функции на коишто можат да придонесат за јавниот интерес и напредок, што е во интерес на државата и општеството во целина.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените членови од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/1, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18).

## Точка 114

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стопанската комора на Северна Македонија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.288/21) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите во Иницијативата, имајќи предвид дека со оспорениот закон се уредува дека ден на неделен одмор е недела и притоа се дефинирани дејностите кои се исклучок од ова правило, каде ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата, а се утврдува и додаток на плата за работа во недела во износ од најмалку 50% за секој час поминат на работа, подносителот на иницијативата смета дека содржината на истиот дозволува нееднаквост на граѓаните пред законите, нарушување на начелото на владеење на правото и дека е во спротивност со членот 8, став 1, алинеи 3 и 7 и членот 9, став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8, став 1, алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката е и владеењето на правото. Алинејата 7 од истиот став, во темелните вредности на уставниот поредок, ја вклучува и слободата на пазарот и претприемништвото.

Членот 9 од Уставот, во својот став 2, утврдува дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 288/21), со членот 1 од овој закон се дополнува членот 106, став (3) со додаток на плата за работа во недела, како дел од третата компонента на платата.

Со членот 2 од истиот Закон, се менува членот 134, кој гласи:
„Ден на неделен одмор е недела.“.

По ставот (2) се додаваат седум нови ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9).

Ставот (3) гласи:
„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, за работниците кај работодавачите кај кои работниот процес е од таква природа што не може да се прекине поради техничко-технолошкиот процес и потребата од континуитет во работата, ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата и тоа во дејностите:
- одгледување на животни;
- мешовито фармерство;
- вадење на јаглен и лигнит,
- вадење на руди на метал,
- печатење и издавање на весници;
- производство на леб, слатки во свежа состојба и бисквити;
- производство на пиво, само во процесите поврзани со варење, квасна припрема и следење, ферментација, филтрација и енергетска поддршка на овие процеси;
- производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати;
- производство на плочи, листови, цевки и профили од пластични маси;
- производство на индустриски гас;
- производство на метали;
- аптеки;
- снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација;
- снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности на санација на околината;
- копнен, цевоводен, воден и воздухопловен транспорт;
- складирање и помошни дејности во превозот;
- објекти за сместување;
- дејности за подготовка на оброци и служење на храна;
- филмска дејност, дејности за видео и телевизиска програма;
- емитување на програма;
- телекомуникации;
- информативни услужни дејности (хостирање, обработка на податоци, интернет портали и слично);
- прикажување на филмови;
- фотографски дејности;
- ветеринарни дејности;
- изнајмување и давање под закуп (лизинг) на моторни возила;
- дејности на приватна заштита и услуги на заштита со помош на сигурносни системи;
- дејности на повикувачки центри;
- општи дејности на јавната управа, само за итни и неодложни работи поврзани со одржување на седници, инспекциски надзори, чување на шуми, а кои работи се од витално значење за државниот и јавниот интерес;
- работи на одбраната;
- судски и правосудни дејности;
- работи на јавниот ред и безбедноста;
- дејности на пожарникарската служба;
- дејности за здравствена заштита;

- дејности на социјалната заштита со сместување;
- креативни, уметнички и забавни дејности;
- дејности на музеите;
- дејности на зоолошки градини и природни резервати;
- спортски, забавни и рекреативни дејности;
- погребни и слични дејности;
- царинска служба на гранични премини;
- дејности кои имаат карактер на помошни или придружни дејности со цел непречено функционирање на дејностите од овој став, врз основа на склучен договор со работодавачот од дејностите од овој став и
- работни места од други дејности кои не се опфатени со овој став, а имаат карактер на помошни и придружни работи за непречено извршување на основната дејност на работодавачот.

Се предвидува и исклучок за работниците кај работодавачи од трговијата, кој ќе се уреди со Законот за трговијата (став 4).

Се утврдува дека, во случаи на природни несреќи и хаварии на барање на работодавачот, работникот е должен да работи во недела (став 5).

Се утврдува и додатокот на плата и се предвидува дека за работа во недела работниците ќе добијат додаток на плата од најмалку 50% за секој час на работа, доколку со закон и колективен договор не е утврден повисок износ на додатокот, како и право на ден на неделен одмор во наредните седум дена (став 6).

За работа во недела работодавачот е должен да го извести Државниот инспекторат за труд (став 7), а содржината, формата и начинот на известување се предвидува да се пропише од страна на министерот за труд и социјална политика, во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на законот (став 9).

Покрај тоа, министерот надлежен од областа на трудот со подзаконски акт ќе ги дефинира помошните дејности и придружните работи (став 8).

Со членот 3 од законот, се уредува дека по членот 259-а се додава нов член 259-б, кој гласи:
„Член 259-б
(1) По исклучок од членот 258 став (1) од овој Закон, ако инспекторот на трудот при инспекцискиот надзор констатира дека кај работодавачот работи работник во недела, спротивно на членот 134 од овој Закон, со решение ќе му забрани на работодавачот вршење на работа во работната просторија или работниот простор каде е утврдена неправилноста, во траење од 15 дена, ќе му издаде прекршочен платен налог. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог или не го плати, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Ако работодавачот го повтори прекршокот од ставот (1) на овој член, инспекторот со решение ќе му забрани вршење на работа во работната просторија или работниот простор каде е утврдена неправилноста, во траење од 30 дена и ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка согласно со Законот за прекршоците.

(3) За време на забраната за работа од ставовите (1) и (2) на овој член, работодавачот е должен на работниците да им исплатува надоместок на плата во висина од исплатената плата на работникот во претходниот месец и придонеси од плата и за време на забраната не смее да го намали бројот на вработените.

(4) Против решенијата од ставовите (1) и (2) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до органот надлежен за одлучување во втор степен, согласно со закон.

(5) Жалбата не го одлага извршувањето на решението од ставовите (1) и (2) на овој член.

(6) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(7) Во евиденцијата од ставот (6) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(8) Личните податоци од ставот (7) на овој член, се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата."

Измените и дополнувањата на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.288/21) имаа за цел да го утврдат денот недела како ден за неделен одмор на сите работници. Имено, многу истражувања го утврдуваат значењето на рамнотежата помеѓу професионалниот и приватниот живот, како неопходен елемент во животот на работникот.

Оваа рамнотежа придонесува работникот да биде поефикасен и помотивиран на работното место, додека од друга страна овозможува многу полесно да го организира својот приватен живот-семеен и социјален, што ги задоволува неговите потреби и потребите на неговите блиски. Гледано во национален контекст, односите со семејството и пријателите се традиционални вредности коишто треба да се чуваат и развиваат. Дополнително, работникот треба да има време да се занимава со хоби, да спортува и да посетува културни настани, а сето тоа, вклучително и исполнетиот семеен и социјален живот ќе му помогнат на работникот да го канализира оптоварувањето на работното место и да биде попродуктивен.

Од овие причини, како и во насока на следење на современите меѓународни трендови во трудовата област, се појави потребата за определување на неделата како ден на неделен одмор за сите, со одредени исклучоци кај работодавачи во дејностите каде работниот процес не дозволува да се направи прекин на работниот процес.

Понатаму, имајќи ги предвид наводите во Иницијативата, треба да се има предвид дека членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија, кој како темелни вредности, покрај другите и покрај слободата на пазарот и претприемништвото, го дефинира и владеењето на правото, односно заштитата на секое уставно загарантирано право. Во оваа смисла е и почитувањето на членот 25 од Уставот, кој вели дека на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот, но и на членот 40 став 1, според кој, Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството.

Дополнително, со членот 39 од Уставот, на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите. Ова е особено важно при определувањето на правото на неделен одмор, кој покрај тоа што е загарантирано право со Уставот, со членот 32 од Уставот, овозможува остварувањето на правото и должноста

од членот 32, односно правото и должноста на заштитата на сопственото здравје и здравјето на другите. Ова пак, понатаму кореспондира и со членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија кој вели: „...Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето...“. Согласно наведеното, секој работодавач и претприемач, освен за своето, треба да се грижи и за здравјето на другите, во случајов на работниците.

Оттаму, со утврдувањето на законското решение, не се воспоставува монопол на поединечни правни субјекти на пазарот, туку при одредувањето на оние коишто се исклучоци од правилото „недела-неработен ден“ се тргнува од неопходноста на нивното работење заради остварувањето на други уставно загарантирани права на граѓаните, како и заради заштита на производството од прекини коишто предизвикуваат огромни трошоци. Затоа, не може да се зборува за нееднаквост на граѓаните пред законите, ниту пак за нарушување на слободата на пазарот и претприемништвото.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.288/21), е во согласност со член 8 став 1, алинеи 3 и 7 и членот 9, став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од овој закон.

**<u>Точка 115</u>**

Владата по Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 1641, за КО Волково, на КП бр. 1718, Викано место/улица ул.103, со дополнување ги усвои негативните мислења од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 116</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83552, за КО Ѓорче Петров-5 Лепенец, на КП бр.986, викано место/улица 102 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**<u>Точка 117</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93390, за КО Охрид- 1, КП бр.8160, Викано место/улица Град и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**<u>Точка 118</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20727, за КО Штип-6, на КП бр.10834, Викано место/улица Плуждино и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роза Алексова од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.236, за КО Глишиќ, на КП бр.1435, Викано место/улица Шишка и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симон Зафировски од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое претставува 808/910 идеален дел од КП бр.2958/1, КО Глува Бразда, викано место/улица Железно, со Имотен лист бр.2917, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 121**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симон Зафиорски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44512 за КО Гази Баба, КП бр.1536 на викано место/улица ул.513 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 122**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1964, за КО Стајковци, КП бр.77, Викано место/улица Куќа и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.40723 за КО Центар 1, КП бр.13112 дел 2 на Викано место/улица Бл.Деспотов, со дополнување и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 124**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2058 за КО Бардовци, на КП бр.1534, викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 125**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2058, за КО Бардовци, КП бр. 1534, Викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 126**

1. Владата го отповика Насер Демири, од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје, на негово барање.

2. Владата го отповика Андреј Крстевски, од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост.

3. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, поради истек на мандатот, ги разреши:
- Марјан Кипријановски
- Никола Пациновски.

3.1. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, ги именува:
- проф. д-р Марјан Кипријановски од Факултетот за земјоделски науки и храна и
- проф. д-р Недељка Николова од Институтот за сточарство.

4. Владата ја разреши Емилија Ристовска Ангелова од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот ЈЗУ Здравствен дом-Виница, поради истек на мандатот.

4.1. Владата ја именува Емилија Ристовска Ангелова за член на Управниот одбор-претставник на основачот ЈЗУ Здравствен дом-Виница.

5. Владата ја разреши Татјана Настеска од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

5.1. Владата ја именува Ленче Коцевска од Министерството за труд и социјална политика за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

6. Владата го разреши Добре Ефремовски од должноста директор на Управата за прашањата на борците и воените инвалиди, орган во состав на Министерството труд и социјална политика, на негово барање.

7. Владата го именува Јордан Стојанов за вршител на должноста директор на Управата за прашањата на борците и воените инвалиди, орган во состав на Министерството труд и социјална политика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата .

8. Владата го разреши Нусри Нухи од должноста заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

9. Владата го именува Меџит Емурли за заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата .

10. Владата го разреши Билал Сулејмани од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница -Гостивар.

10.1. Владата го именува Газменд Рамадани за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница -Гостивар.

11. Владата го именува Даријан Сотировски за директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, досегашен вршител на должноста директор на Комисијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост, за член на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД-Скопје, да го избере Андреј Крстевски и истовремено да го избере за заменик претседател на Управниот одбор кој носи назив заменик на генералниот директор.

13. Владата му препорача на претставникот на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД „11 Октомври-Еурокомпозит" Прилеп, Александар Талимџиоски, да го отповика Милан Тоцев, од должноста прв извршен член-генерален директор на Одборот на директори, АД „11 Октомври-Еурокомпозит" Прилеп, поради исполнување услови за стекнување право на старосна пензија.

**<u>Точка 127</u>**

**1.** Владата по повод Комеморацијата за одбележување на годишнината од депортацијата на околу 550 Евреи од Штип на 11 март 1943 година, во концентрациониот логор „Треблинка", ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација во состав: доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, да положи цвеќе пред Споменикот на 7144 депортирани македонски Евреи, поранешен скопски Монопол (Imperial Tobacco TKS) и пред Споменикот на депортираните Евреи, Градски гробишта Бутел.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија преку одделението за протокол да го обезбеди точното сценарио за положувањето од страна на домаќинот и за истото да ги извести членовите на владината делегација и да обезбеди венци цвеќе и спроведување на делегацијата за двете локации.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија преку секторот за односи со јавност да го организира медиумското покривање на настаните.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди соодветен број на венци за владината делегација.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го обезбеди соодветно настанот каде што владината делегација положува цвеќе.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 24 февруари 2022 година до 2 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување

со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 26 февруари 2022 година до 4 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4**. Министерот за надворешни работи д-р Бујар Османи ги информираше членовите на Владата дека Министерството за надворешни работи го следи случајот за конфискуваните македонски камиони и стока во Украина и се превземаат активности за нивно враќање во државата.

**5.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од обезбедување на парични средства за надоместување на трошоци кои се причинети од АД МЕПСО во државна сопственост Скопје како последица на отстапувањата кои АД Електрани на Северна Македонија Скопје ги има направено за октомври и ноември 2021 година, за наредната седница на Владата, која ќе се одржи на 9 март 2022 година (среда).

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 28 февруари 2022 година до 6 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Во врска со потребата од поседување на зелен картон за украински патнички моторни возила кои поради воената состојба во Украина пристигнуваат во Република Северна Македонија, Владата го донесе следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во координација со Министерството за финансии, а во соработка и со Националното биро за осигурување и Агенцијата за супервизија на осигурувањето, во рок од два дена, до Владата да достави соодветен предлог во насока на изнаоѓање на начин украинските патнички моторни возила кои не поседуваат зелен картон да можат да влезат во Република Северна Македонија и да бидат соодветно вклучени во сообраќајот, без притоа да се бара надоместот да го покријат самите.

## Точка 128

Владата го разгледа Извештајот за реализација на буџетските средства за 2021 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од

јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2020-2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 129**

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2020 година, го прифати и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 7 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/04).

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Неби Реџепи, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 130**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шуми во период од 1 октомври 2021 до 31 декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 131**

Владата го разгледа Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (сметка-Основен буџет), како материјал за информирање.

**Точка 132**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Национални шуми за периодот од октомври до декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 133**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје Џ.О. за период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено Владата заклучи Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје Џ.О. да ја почитува обврската од членот 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија, извештаите да се доставуваат во рок од 20 дена од истекот на тримесечјето.

**Точка 134**

Владата ја разгледа Споредбената анализа на финансиското работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро берза Скопје, за октомври-декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 135**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Цивилно-воениот комитет за воздухопловство за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 136**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 137**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, како материјал за информирање.

**Точка 138**

Владата ја разгледа Информацијата за поднесување на апликација за 27-ми повик за техничка помош од Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) за „Физибилити студија за подобрување на системот и услугите за водоснабдување во Скопје“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да ја достави ВБИФ апликацијата за техничка помош за “Физибилити студија за подобрување на системот и услугите за водоснабдување во Скопје” до Министерството за финансии и НИПАК/Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за финансии по добивање на Апликацијата за “Физибилити студија за подобрување на системот и услугите за водоснабдување во Скопје”, да ја разгледа апликацијата и веднаш да подготви Писмо за поддршка до Европска комисија и меѓународните финансиски институции и истото да го проследи до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања и Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. Се задолжува Националниот ИПА координатор на Република Северна Македонија по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии да ја поднесе ВБИФ апликацијата во рамки на тековниот 27-ми повик за техничка помош на ИПА инструментот „Инвестициска рамка за Западен Балкан“ (Western Balkans Investment Framework-WBIF).

**Точка 139**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката на основање на трговско друштво за приредување на интернет и електронски игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија.

**Точка 140**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 11 став (3) од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08,

103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), поднесено од пратеникот Талат Џафери и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 11 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), се дефинирани двата вида на резерви (постојана и тековна резерва), кои се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија на две различни расходни ставки и тоа: 412-Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413-Тековни резерви (разновидни расходи).

Одредбата од членот 11 став (3) од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), треба да се толкува така што под одобрени средства во постојната буџетска резерва во случај на постоење на кризна состојба се сметаат буџетските средства како во постојаната, така и во тековната резерва, со оглед дека под одобрени средства во постојната буџетска резерва се подразбираат средствата кои постојат во резервите во моментот на постоење на кризна состојба и кои претставуваат целина од постојаната и тековната резерва на буџетот.

**Точка 141**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/327 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/328 на Советот од 25 февруари 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст.

**Точка 142**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за усвојување на Барање за позајмица бр. 05-1365/1 од 17.2.2022 година доставено од ЕСМ Електрани на Северна Македонија бр. 02-1783/3 од 7 март 2022 година и Одлуката за усвојување на текст на Договор за заем бр. 02-1783/3-1 од 7 март 2022 година донесени од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје во врска со донесување на Одлуката за усвојување на Барање за позајмица бр. 05-1365/1 од 17.2.2022 година доставено од ЕСМ Електрани на Северна Македонија бр. 02-1783/3 од 7 март 2022 година и Одлуката за усвојување на текст на Договор за заем бр. 02-1783/3-1 од 7 март 2022 година, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 143**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, за наредната седницата на Владата што ќе се одржи на 9 март 2022 година, поради потребата предлагачот да се усогласи со Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 144

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/346 на Советот од 1 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст.

## Точка 145

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/52 на Советот од 13 јануари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст

## Точка 146

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 147

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/264 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/262 на Советот од 23 февруари 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст.

## Точка 148

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 149

Владата ја разгледа Информацијата за номинации за членови и заменици членови на работни групи формирани заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон, со предлог-решенија, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Решението за изменување на Решението за формирање на Работна група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон, во предложениот текст, и

2. Решението за изменување на Решението за формирање на Работна група за координација на активностите од областа на информатичко комуникациските технологии заради дигитализација на процесите, во предложениот текст.

**Точка 150**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на активностите во рамки на ИПА 2017 Проектот „Поддршка на државната реорганизација”, со Интегриран извештај за државна реорганизација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Интегрираниот извештај за државна реорганизација, со заклучок во текстот на истиот (и во македонската и во англиската верзија) зборот „урамнотежен“ да се замени со зборот „рамномерен“ развој.

2. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија во рок од седум дена да започат со спроведување на првиот пилот проект на министерски систем, согласно препораките од Интегрираниот извештај за државна реорганизација.

3. Се задолжуваат сите министерства во процесот на реорганизација, да достават образложена информација до Владата за потребата од промена или неприфаќање на препораките од Интегрираниот извештај, кои се однесуваат на нивниот министерски систем, во рок од три месеци од денот на започнување на спроведување на реорганизацијата.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, согласно препораките од Интегрираниот извештај за државна реорганизација во однос на креирање на политики, да подготви и најдоцна до јуни 2022 година до Владата да достави Предлог на закон за организација на органите на државна управа.

5. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација на секои шест месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите поврзани со процесот на државна реорганизација.

**Точка 151**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на советодавна комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати, во предложениот текст.

**Точка 152**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката 2014/512/ЗНБП на Советот од 31 јули 2014 година за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата на Советот (ЕУ) 833/2014 од 31 јули 2014 година за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст.

**Точка 153**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/351 на Советот од 1 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина, во предложениот текст.

**Точка 154**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности за ангажирање на меѓународен правен застапник за застапување на Министерството за финансии во поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“, со Прилог и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати предлогот во врска со избор на адвокатска куќа и тоа: Во арбитражната постапка по предметот (ICC case number 26835/HBH) поведена во врска со Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје”, како правен застапник на Министерството за финансии да се ангажира адвокатската куќа Three Crowns LLP.

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства за склучување на договорот за ангажирање на меѓународно адвокатско друштво за застапување на Министерството за финансии во арбитражна постапка, дополнително на претходно обезбедените средства за оваа намена.

3. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, во рок од три дена да ја информира адвокатската куќа дека е избрана да го застапува Министерството за финансии во рамки на арбиртажната постапка поврзана со Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје” по предметот (ICC case number 26835/HBH).

4. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише договорот и ги потпише правните акти со кои се овластвува адвокатската куќа Three Crowns LLP да го застапува Министерството за финансии во рамки на арбиртажната постапка поврзана со Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во град Скопје” по предметот (ICC case number 26835/HBH.

**Точка 155**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година (нов текст) и условно ја донесе Програмата, со заклучок мислење по истата да достави Министерството за локална самоуправа.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**